| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетно будење |
| **Содржина на денот** | Која боја ја сакам јас? |
| **Возраст** | од 2-3 години |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Поттикнете го активно да учествува во одржувањето на хигиената на предметите со кои детето игра. |
| **Активности** | На оваа возраст децата покажуваат голем интерес кон предметите. Овој период треба да се искористи за стекнување разновидни искуства и доживувања. За таа цел потребен е разновиден природен материјал, набљудувања, решавања на едноставни проблеми, како и услови за активно вклучување во откривање, истражување. Разговарајте со Вашето дете за боите на природата во пролет.<br>За да може Вашето дете полесно да ги научи основните бои и да класифицира предмети по боја се предлагаат неколку игровни активности:<br>Игра 1: Надувајте балони во две бои (црвена и сина). Започнете со подавање на балоните и гласно именувајте ги нивните бои. Земете две корпи кои ќе ги означите со соодветните бои на балоните и дајте инструкција детето да ја погоди со балонот соодветната корпа. Преку играта детето учи да класифицира предмети по боја (слика 1);<br>Игра 2: За следната игра користете меки топчиња во боја. Поставете улица (нацртана на бели листови). Поставете чашки кои претходно ќе бидат означени во соодветните бои на меките топчиња. Дајте му инструкција на детето да ги пренесе топчињата со колички и камиончиња и да ги распореди во чашките во соодветната боја (слика 2). |

| | |
|---|---|
| | Игра 3: Преку оваа игра ја развивате фината моторика на дланките кај детето. За играта потребна е кутија од јајца (или друг предмет кој има дупчиња) или катронска кутија како на сликата  (слика 3). Целта на играта е детето со помош на фаќалка за салата или сличен предмет да ги пренесе топчињата во соодветните дупчиња или да ги подоги соодвено обележаните дупки направени на картонската кутија (слика 4). |